Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници

ПРИЛЕП -Локална самоуправа- Бр. 09-3191/3 10.09 2026 год. ПРИЛЕП

ПРЕДМЕТ: Барање за доставување предлози за доделување на општинските награди и признанија „3-ти Ноември“ и наградата за животно дело

По повод одбележувањето на празникот на Општина Прилеп –3-ти Ноември, Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници, традиционално секоја година доделува општински награди и признанија „3-ти Ноември“, како и награда за животно дело.

Овие награди и признанија се доделуваат на физички и правни лица за особени достигнувања и остварувања во општествениот, стопанскиот, културно-уметничкиот и политичкиот живот и за нивниот придонес за развојот и афирмацијата на Општина Прилеп.

Предлози за доделување на награди и признанија можат да поднесат претпријатија, здруженија, граѓани и други заинтересирани субјекти.

Предлозите се доставуваат до Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници при Советот на Општина Прилеп, преку приемното одделение во Општина Прилеп или на адреса: ул. „Прилепски бранители“ бр. 1, Прилеп, во периодот од 10.09.2026 година до 09.10.2026 година.

Предлозите треба да бидат образложени и аргументирани и да ги содржат податоците и доказите со кои се потврдуваат посебните достигнувања и остварувања на предложениот кандидат во соодветната област, за периодот од 3-ти Ноември 2025 година до денот на поднесување на предлогот.

Предлозите за наградата за животно дело треба да се однесуваат на кандидати кои подолг период се истакнуваат со значајни остварувања и особен придонес во својата област.

Претседател

на Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници

Христијан Тунески

ОБ-ДРН- 01